# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН










**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

29 април - 5 мај 2019 Билтен бр. 319

# ЗАВРШИ ХОРТИКУЛТУРНОТО УРЕДУВАЊЕ НА ПОРТА ВЛАЕ

Општина Карпош го заокружи хортикултурното уредување на платото кај Порта Влае.

Во вторникот (30.04) се засадија повеќе украсни грмушки и цвеќиња во жардиниерите, со што се облагороди просторот и зеленилото и во овој дел од Општината.

Во изминатиот период беше хортикултурно уреден предниот дел на Порта Влае, а Општината ја започна и пролетната акција за засадување на нови дрвја.

Продолжуваме со секојдневните активности за раззеленување на Карпош.








# БОГОЕВ ВО СТУДИСКА ПОСЕТА НА ГЕРМАНИЈА

На покана на Фондацијата Friedriech Ebert Stiftung (FES), градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, од 06-ти до 11-ти мај, ќе биде во студиска посета на Германија. Заедно со претставници од локалните самоуправи на повеќе земји, во меѓусебните дискусии, ќе разменат искуства во врска со социо - еколошките трендови во општините.

Градоначалникот Богоев ќе има своја презентација во која ќе се осврне на главните предизвици на Општина Карпош на полето на екологијата и заштитата на животната средина.

Исто така, оваа посета е можност да се стекнат нови практики и искуства во врска со управувањето со отпадот во земјите - членки на Европската Унија.

За време на студискиот престој ќе се посетат повеќе градови во Германија: Дортмунд, Штутгарт, Хајделберг, Шорндорф, Минстер, Заербек, при што ќе се одржат работилници и сесии за одржливоста на градовите, нивното функционирање и справување со климатските промени.



# НОВ СООБРАЌАЕН РЕЖИМ НА УЛ. ПРАШКА ВО ТАФТАЛИЏЕ

На седницата на Советот на Општина Карпош, советниците од сите политички партии дадоа „виза“ за одлуката со која се воспоставува нов сообраќаен режим на улицата „Прашка“, која досега беше „тесно грло“ во населбата Тафталиџе 1. За таа цел, ќе биде поставена нова хоризонтална и вертикална сигнализација, која е донација на Меѓународното училиште „ НОВА“.

Во образложение на оваа одлука градоначалникот на Карпош Стефан Богоев нагласи дека вакви проекти за воспоставуивање на безбедни зони во сообраќајот, посебно пред влезовите на основните училишта, имаме добиено од Град Скопје и од МВР на градот, и за ООУ „Димо Хаџи Димов“, ООУ „Војдан Чернодрински“, ООУ „Јан Амос Коменски“ и ООУ „Братство“. Очекуваме тие проекти да почнат да се реализираат на почетокот на летото, со поставување на забавувачи на сообраќајот“, рече Богоев.

Инаку, Карпош ќе добие донација и за ново улично осветлување од фирмата „ЕЛТРА ДООЕЛ“-Скопје.

Старите и дотраени куќни водомери, во делот на Карпош, со одлука на Советот, ќе бидат заменети со нови пософистицирани, што претставува дел од инвестицискиот проект на Ј.П. „ Водовод и канализација“- Скопје. Исклучително значаен проект е „ Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во кои Општина Карпош, во соработка со Министерството за транспорт и врски, со меѓусебен договор ќе обезбедат грант, согласно Договорот за финансирање „СЕПАРИС“ бр. 2008-0446, помеѓу Република Македонија и Европската инвестициона банка.

















На оваа седница, советниците од сите советнички групи, усвоија и дузина други одлуки, како што беа оние за отпис на застарена ИТ – опрема од проектот „Компјутер за секое дете“ во сите десет основни училишта на територија на Општина Карпош.

Исто така, на оваа 22 седница на Советот на Општина Карпош, помина и Извештајот за извршување на буџетот на Општина Карпош, за првиот квартал од оваа година.

# ПО УЛ. „ПРАШКА“ ЌЕ СЕ ВОЗИ ВО ЕДЕН ПРАВЕЦ

Во најскоро време стартува нов, еднонасочен режим на сообраќај за улицата „Прашка“, во населбата Тафталиџе 1, којшто ќе биде воспоставен со нова хоризонтална и вертикална сигнализација.

За таа намена веќе се поставуваат нови 56 сообраќајни знаци, како и нови забавувачи на сообраќај, со цел да се зголеми безбедноста и сигурноста на сите учесници во сообраќајот.

Исто така, на овој потег се воведува и ЗОНА 30, со што се ограничува брзината на движење на сите возила.

Со новиот сообраќаен режим, од улицата „Лондонска“ се вози во една насока спрема „Прашка“, а возможен е приклучок само ôд , и кон улицата „Дамаска“.

На овој начин ќе се намали сообраќајниот метеж во Тафталиџе 1, а најважно е што ќе се зголеми безбедноста за сите учесници во сообраќајот.

Новиот сообраќаен режим беше усвоен на 22 - та седница на Советот на Општина Карпош, на која воедно беше прифатена донацијата на Меѓународното училиште „НОВА“ од новите сообраќајни знаци.

Неодамна започна да функционира и новиот сообраќаен режим за Карпош 4, делот околу Сити Мол, со цел да се ублажи метежот и да се зголеми безбедноста околу овој дел од општината.

